# СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Сабота, 1 јули 1972

БЕЛГРАД

БРОЈ 34 ГОД. XXVIII

Цена на овој број е 1 динар. — Претплатата за 1972 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 631 671.


**339.**

Врз основа на член 57 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

## ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, НАМАЛУВАЊЕ ОДНОСНО УКИНУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ОДРЕДЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

На прометот на производите од точ. 1 и 2 на тар. број 4 од Тарифата на основниот данок на промет, која е составен дел на Законот за оданочување на производи и услуги во прометот (во понатамошниот текст: Тарифата), се плаќа основен данок на промет на производи, и тоа:

1) на специјални вина (десертни, ликерски и ароматизирани) и на десертни пијачки, ако набавната цена по еден литар изнесува:

— над 12 до 15 динари — — — 5,25 динари

— над 15 динари — — — — 8,40 динари

2) на ликери и жестоки алкохолни пијачки, ако набавната цена по еден литар изнесува:

— над 17 до 24 динари — — — 10,50 динари

— над 24 динари — — — — 70 динари

Одредбите на забелешката кон тар. број 4 на Тарифата се применуваат и на прометот на производите од став 1 на овој член.

Член 2

На прометот на производите од точ. 2, 3 и 4 на тар. број 13 од Тарифата, се плаќа основен данок на промет на производи, и тоа:

1) на украсни стоки — — — — — — — 30%

2) на предмети изработени од брусено кристално (оловно) стакло — — — — — 30%

3) на рачни и џебни часовници чија малопродажна цена, без данокот на промет, е поголема од 200 динари по парче — — — 45%

Одредбите на забелешката кон тар. број 13 од Тарифата се применуваат и врз прометот на производите од став 1 на овој член.

Член 3

На прометот на парфимериски, козметички и тоалетни препарати (тар. број 33.06 од Царинската тарифа) од тар. број 15 точка 1 од Тарифата, освен на прометот на прашоци и пасти за заби и лосиони за уста, се плаќа основен данок на промет на производи по стапка од 55%.

Одредбите на забелешката кан тар. број 15 од Тарифата се применуваат и врз прометот на производите од став 1 на овој член.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила на 1 јули 1972 година.

Р. п. бр. 113
30 јуни 1972 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**340.**

Врз основа на точка 3 од Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8/68, 13/69, 31/69, 30/70, 36/70, 40/70, 56/70, 8/71, 21/71, 24/71 и 26/72), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за финансии донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТАПКИ ЗА УВОЗ НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ЗА КОИ Е ПРЕДВИДЕН ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТ

1. На увозот на производите од подолунаведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа, наместо царинските стапки предвидени во Царинската тарифа која е составен дел на Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70 и 58/71), ќе се применуваат следните царински стапки:

| Тарифен број | Наименување | Царинска стапка |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 22.05/1 | Шампањ | 27 |
| 22.05/2 | Прошек | 27 |
| 22.05/3 | Десертни вина од сите видови | 27 |
| 22.05/4 | Вина: мадера и естрамадура, порто и др. | 27 |
| 22.05/5 | Вина квалитетни во шишиња | 22 |
| 22.05/6 | Вина обични во шишиња | 22 |
| 22.05/7 | Вина квалитетни во буриња и во цистерни | 22 |
| 22.05/8 | Вина обични во буриња и во цистерни | 22 |
| 22.05/9 | Друго | 22 |
| 22.06/1 | Вермут и други ароматични вина во шишиња | 27 |
| 22.06/2 | Вермут и други ароматични вина во буриња и во цистерни | 27 |
| 22.07/1 | Јаболковача | 22 |
| 22.07/2 | Крушковица | 22 |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 22.07/3 | Медовина | 22 |
| 22.07/4 | Друго | 22 |
| 22.09/4 | Пелинач | 27 |
| 22.09/5 | Виски и џин | 27 |
| 22.09/6 | Коњак | 27 |
| 22.09/7 | Рум | 27 |
| 22.09/8 | Ликери | 27 |
| 22.09/9б | Концентрирани екстракти и есенции за приготвување на алкохолни пијачки — друго | 27 |
| 22.09/10 | Друго | 27 |
| 33.06/1а | Парфеми | 27 |
| 33.06/1б | Води за мирисање и за тоалета (колонска вода и сл.) | 27 |
| 33.06/1в | Друго | 27 |
| 33.06/2а | Кремови и млеко за одржување убавина | 27 |
| 33.06/2в | Други производи | 27 |
| 33.06/3 | Ружеви за усни | 27 |
| 33.06/4 | Шминки и други препарати за маскирање | 27 |
| 33.06/5 | Лакови за нокти, пасти за нокти, препарати за полирање на ноктите, растворувачи на лакови од ноктите и други слични препарати за нега на ноктите | 27 |
| 33.06/8а | Шампони за коса | 27 |
| 33.06/8б | Води, масла и помади за коса | 27 |
| 33.06/8в | Препарати за ондулација на коса, за бојосување, за одбојосување и фиксатери за коса, како и други препарати за коса | 27 |
| 33.06/9 | Кремови за бричење | 27 |
| 33.06/10 | Кремови за трепки, моливи за веѓи и други слични препарати за нега на веѓите и трепките | 27 |
| 33.06/11 | Препарати за отстранување на влакна и непријатна миризба | 27 |
| 33.06/12 | Друго | 27 |
| 70.19/1 | Перли од стакло, имитации на бисер и на скапоцени камења, од стакло, парчиња и одломки и слични модни или декоративни ситни стакла и предмети од овие | 25 |
| 70.19/2 | Стаклени коцки и ситни стаклени плочки, врз подлога или не, за мозаик и слични декоративни цели | 22 |
| 70.19/4 | Украсни и други модни предмети изработени на дувалки | 25 |
| 70.19/5 | Стаклени зрна (балотини) | 22 |
| 71.01/1 | Природни бисери | 25 |
| 71.01/2 | Одгледани бисери | 25 |
| 71.02/2 | Други дијаманти | 25 |
| 71.02/3 | Друго | 25 |
| 72.03/2 | Друго | 25 |
| 71.12 | Јувелирски предмети и нивни делови, од благородни метали или од валани благородни метали: | |
| | 1) Од сребро или од легури на сребро | 25 |
| | 2) Од злато или од легури на злато | 25 |
| | 3) Од платина или од метали од платинската група и од нивни легури | 25 |
| 71.13 | Златарски или кујунџиски предмети и нивни делови од благородни метали или од валани благородни метали, освен стоките од тар. број 71.12: | |
| | 1) Од сребро или од легури на сребро | 25 |
| | 2) Од злато или од легури на злато | 25 |
| | 3) Од платина или од метали од платинската група и од нивни легури | 25 |
| 71.14 | Други изработки од благородни метали или од валани благородни метали: | |
| | 1) Од сребро или плакирани или дублирани со сребро | 25 |
| | 2) Од злато или плакирани или дублирани со злато | 25 |
| 71.14/3б | Од платина, од метали од платинската група или плакирани или дублирани со платина — друго | 25 |
| 71.15 | Изработки што се состојат или имаат инкорпорирани бисери, скапоцени и полускапоцени камења (природни, вештачки или реконструирани): | |
| | 1) Предмети изработени од бисер: | |
| | а) ѓердани, бразлетни и други предмети од бисер нанижани, без вовлечени прицврстувачи или други предмети | 25 |
| | б) рамковни алки за патни стоки, за кожени стоки и слично | 25 |
| | в) други производи: | |
| | 1) јувелирски предмети | 25 |
| | 2) за индустриски цели | 25 |
| | 3) друго | 25 |
| | 2) Предмети изработени од скапоцени или полускапоцени камења (природни, синтетички или реконструирани): | |
| | а) исклучиво од скапоцени или полускапоцени камења: | |
| | 1) ѓердани, бразлетни и други предмети од скапоцени или полускапоцени камења нанижани, со неуглавени прицврстувачи или со друг прибор | 25 |
| | 3) други производи | 25 |
| | б) друго: | |
| | 2) јувелирски предмети | 25 |
| | 4) друго | 25 |
| 71.16 | Имитации на накит | 25 |
| 82.13/1 | Прибор за маникир, педикир и слично (вклучувајќи и турпии за нокти) | 25 |
| 82.13/2 | Друго | 25 |
| 82.14 | Лажици, виљушки, прибор за јадење риби, ножеви за путер, кутлачи и сличен кујнски и трпезен прибор: | |
| | 1) Позлатени | 25 |
| | 2) Посребрени | 25 |
| 83.10 | Метални перли и метални паринки од прости метали | 25 |

2. Ова решение влегува во сила на 1 јули 1972 година.

Бр. 3-8740/1
30 јуни 1972 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле, с. р.**

# ОДЛИКУВАЊА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за истакнат беспримерен хероизам што го пројавиле членовите на Здружението на шпанските борци на Југославија во борбата против реакцијата и фашизмот во Шпанската граѓанска војна, како и за херојски дела сторени во текот на Народноослободителната војна во борбата против непријателот за ослободување на нашата земја

СО ОРДЕН ЗА НАРОДЕН ХЕРОЈ

Здружението на шпанските борци на Југославија.

Бр. 111
26 септември 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Може Милан, Слапар Август, Зоре Јакоб;

за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Коларич Макс;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Черне Павел, Дреу Јуриј, Фунгушт Август, Хаднер Станко, Карнер Винко, Клеидиенст-Зупанчиќ Даница, Кочар-Кочар Матилда, Краљ-Железник Милена, Лампе Антон, Пачник Франц, Пернек Франц, Подгорелец-Кнез Ангела, Подгорелец Карел, Пожар Душан, Самец Јоже, Слатеншек Роман, Шнудерл-Марчич Јудита, Шпес Јоже, Валенчак Фердо, Вебер Фердо;

за примерно залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Јаворник Јакоб, Клеменчич-Хластец Павла, Кобалеј Бранко, Наместник Јоже, Зорец Франц, Жижек Јоже.

Бр. 113
28 септември 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за заслуги во извршувањето на довeрените му задачи што придонесуваат за пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Велико Војводство Луксембург

СО МЕДАЛ ЗА ЗАСЛУГИ

Nelly Hoffman.

Бр. 114
28 септември 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за извонредни заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и на пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Обединетата Република Танзанија

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Rashidi Kawawa, потпредседател на Обединетата Република Танзанија.

Бр. 115
28 септември 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за заслуги во развивањето и зацврстувањето на соработката и на пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Велико Војводство Луксембург

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Gaston Thorn, министер за надворешни работи.

Бр. 116
27 септември 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за долгогодишна работа на школувањето и стручното усовршување на старешинскиот кадар на артилериските единици, за видни резултати во пренесувањето и развивањето на воените традиции и искуства, за јакнење на боевата готовност на артилериските единици, за остварена соработка со другите воени училишта, со училишните центри и единици и за соработка со институциите на терен и со општествено-политичките организации

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЛОВОРОВ ВЕНЕЦ

Артилерискиот школски центар.

Бр. 119
30 септември 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за особени заслуги и сторен придонес на општествено-економскиот и политичкиот развој на самоуправната социјалистичка заедница

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Сојузот на економистите на Југославија.

Бр. 120
30 септември 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува по повод седумдесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за покажани извонредни заслуги во организирањето и изградбата на општествениот систем и за особен придонес од општо значење за развитокот на социјализмот и за јакнењето на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Бељански Јован.

Бр. 121
4 октомври 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 доп 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат по повод педесетгодишнината од постоењето и работата, а за особени заслуги и постигнати успеси на културно-просветното дејствување во духот на ширењето и развивањето на братството меѓу нашите народи

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Гимназијата во Требиње;

по повод стогодишнината од постоењето и работата, а за особени заслуги во ширењето на просветата и културата меѓу нашите народи и за особени успеси на издигањето низа ученички генерации

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Основното училиште Лијешће, Босански Брод.

Бр. 122
6 октомври 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за својот придонес во развивањето на соработката и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Турција

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Gündogdu Üstün, извонреден и ополномоштен амбасадор на Република Турција во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Бр. 125
11 октомври 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

## СОДРЖИНА:

Страна

339. Уредба за зголемување, намалување односно укинување на стапките на основниот данок на промет на одредени производи — — — — — — — — — — 685
340. Решение за одредување на пониски царински стапки за увоз на одредени стоки за кои е предвиден царински контингент 685

Одликувања — — — — — — — — — — 687

Меѓународни договори — — — — — — 381

**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристића 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух, Улица Јована Ристића бр. 1 — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17**